РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 91 став (5) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата, на 82 седница одржана на 14.02.2023 година го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ПОДАТОЦИ НА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот за податоци на лицата од член 82 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (во натамошниот текст: Образец за податоци на избрани и именувани лица).

## Член 2

Образецот за податоци на избрани и именувани лица го пополнуваат раководните лица во институциите и органите кои вршат избори и именувања (или од нив овластени лица) и се поднесува во електронска форма.

## Член 3

Образецот за податоци на избрани и именувани лица ги содржи следните податоци:

- тип на поднесок (за верификација на мандат/избор/именување/назначување или за престанок на функција/должност;
- назив на институцијата/органот што врши верификација на мандат/ избор/именување/назначување;
- податоци за институцијата/органот каде што се врши функцијата/должноста;
- податоци за функцијата/должноста;
- податоци за верификација на мандатот/ изборот/именувањето/назначувањето или престанокот;
- податоци за работен однос или дејност што лицето ја врши/вршело во моментот на стапување на функција/должност;
- лични податоци за избраното/именуваното/назначеното лице;
- податоци за институцијата/органот што го пополнува образецот и
- датум на поднесување.

**Член 4**

Образецот за податоци на избрани и именувани лица е даден во прилог и е составен дел од овој правилник.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија”.

Со влегување во сила на овој правилник, престанува да важи Образецот бр.10-1806//1 од 31.07.2015 година.

**бр. 08-1035/1**
**14-02-2023.2023 година**
**Скопје**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Катица Николовска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК – ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK – KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

# ОБРАЗЕЦ
## за податоци на избрани и именувани лица[1]

| Тип на поднесок | |
|---|---|
| ☐ За верификација на мандат/избор/именување/назначување | ☐ За престанок |

| | |
|---|---|
| **1.Назив на институцијата/органот што врши верификација на мандат/избор/именување/назначување** | |
| Институција/орган | |
| **2. Податоци за институцијата/органот каде што се врши функцијата/должноста** | |
| Назив на институцијата/органот | |
| Општина | |
| Место | |
| Адреса на седиште | |
| **3. Податоци за функцијата/должноста`** | |
| Назив на функцијата/должноста | |
| Износ на надоместокот | |
| **4. Податоци за верификација на мандатот/изборот/именувањето/назначувањето или престанокот** | |
| Датум на верификација на мандатот/избор/ именување/назначување или престанок | |
| Прикачен документ (решение/одлука/друг акт) за верификација на мандат/избор именување/назначување или престанок | |
| **5. Податоци за работен однос или дејност што службеното лице ја врши/вршел во моментот на стапување на функција/должност** | |
| Работен однос | |
| Дејност | |

| | |
|---|---|
| **6. Лични податоци за избраното/именуваното/назначеното лице** | |
| ЕМБГ | |
| Име | |
| Татково Име | |
| Презиме | |
| Адреса на живеалиште | |
| Адреса на престојувалиште (доколку има) | |
| Пол | |
| Контакт телефон | |
| Е-пошта | |
| Степен на Образование | |
| Вид на образование | |
| Државјанство | |
| Националност | |
| **7. Податоци за институцијата/органот што го пополнува образецот** | |
| Назив на институцијата/органот | |
| Раководно/овластено лице | |
| Датум на поднесување | |

[1] Во образецот се пополнуваат податоци за лицата од член 82 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси